Врз основа на член 77-а, став 1, 2 и 5, член 77-б, член 77-в, став 1, член 77-г, член 77-д, член 77-ѓ од Законот за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 265/24, 132/25), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 22 и член 23 од Законот за работните односи (Сл. весник на РМ “ број 62/05 3/06, 3/06, 44/06, 66/06, 16/07, 57/07, 77/07, 106/08, 161/08, 63/09, 114/09, 130/09, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11,11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16, 120/18, и „Сл. весник на РСМ“ број 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/21, 39/25, 74//25 и 124/25), Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на Пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Сл. весник на РСМ“ бр. 242/24), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУЦК „АСНОМ“ - Гостивар број 0202-102/3 од 22.04.2026, Правилникот за систематизација на работните места во НУЦК „АСНОМ“ број 0101-136/3 од 15.09.2020 година, изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на НУЦК „АСНОМ“ Гостивар број 0101-51/4 од 25.02.2021, 0101-8/3 од 05.01.2022, 0101-89/2 од 25.03.2022, 0101-236/2 од 16.12.2022, 0101-180/3 од 15.09.2023, 0101-67/3 од 26.03.2025, 0101-21/8 од 30.01.2026 и 0101-56/56 од 05.03.2026 како и согласноста од Министерството за финансии број 19-1957/2 од 16.03.2026 година, НУЦК „АСНОМ“ Гостивар објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС број 01/2026

за вработување на неопределено работно време за 3 (три) лица даватели на јавна услуги од областа на културата и 2 (два) лица помошни технички персонал

НУЦК „АСНОМ“ - Гостивар објавува јавен оглас за вработување на неопределено работно време за 3 (три) лица даватели на јавна услуги од областа на културата и 2 (два) лица помошни технички персонал на следните работни места:

1.Работно место: Библиотекарски помошник, шифра КУЛ 03 04 Ѓ02 005, одделение за библиотечна дејност сектор Даватели на услуги...3 (три) извршител.

2.Работно место: Билетопродавач, шифра КУЛ 04 01 Б01 002, одделение за помошно - технички лица за одржување на објекти и опрема, сектор помошно технички персонал/лица..... 1(еден) извршител.

3.Работно место : Техничар за тон, шифра КУЛ 04 05 А01 003, одделение за одржување на објекти и опрема, сектор за помошно технички персонал/лица.....1(еден) извршител.

Општите услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите (број 1, 2 и 3) се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови за работното место под бр. 1

- ниво на квалификации вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршено средно образование (Гимназија или Средно економско)
- без работно искуство.

Посебни услови за работното место под бр. 2

- ниво на квалификации средно четиригодишно образование, односно тригодишно средно образование (Гимназија, Средно економско или Техничко образование) ;
- без работно искуство.

Посебни услови за работното место под бр. 3

- ниво на квалификации средно четиригодишно образование, односно тригодишно средно образование (Гимназија или Техничко образование)
- без работно искуство

Распоред на работно време за работното место бр. 1, 2 и 3:
- Работни денови понеделник - петок, 40 работни часови неделно,
работно време од 08:30 до 16:30
Паричен нето износ на плата за работните места:
- Работно место под број 1 месечна нето плата 42.569 денари,
- Работно место под број 2 месечна нето плата 36.467 денари и
- Работно место под број 3 месечна нето плата 49.101 денари.

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работнотоместо. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат од НУ центар за култура–Гостивар;
Кандидатите кон пријавата треба да приложат во оригинал или заверени на нотар:
- Уверение за државјанство
- Доказ за општа здравствена способност за работното место/Лекарско уверение (не постаро од 6 месеци)
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност/Уверение дека не е изречена казна забрана за вршење професија, дејност, должност (не постаро од 6 месеци)
- Доказ за завршено образование/Диплома за завршен степен на образование кое се бара за работното место

За работно место број 1 јавниот оглас трае 15 дена од денот на неговото објавување во дневниот печат.
За работно место број 2 и 3 јавниот оглас трае 3 работни дена од денот на неговото објавување во дневниот печат.
Пријавата пополнета во целост, прецизно и со точни податоци со потребните документи се доставуваат до архивата на НУЦК „АСНОМ“ - Гостивар во затворен коверт со напомена: „Да не се отвора”, секој работен ден од 9:00 до 16:00 ч. или по пошта на адреса: НУ Центар за култура „АСНОМ“- Гостивар, ул. Браќа Ѓиноски“ бб, 1230 Гостивар, со назнака: за оглас бр. 01/2026. При поднесување на пријавата лицето го наведува бројот на работно место за кое се пријавува кандидатите се должни да достават прецизни и точни податоци. Селекцијата и интервјуто на пријавените кандидати ќе ги спроведе надлежна Комисија за спроведување на постапка за вработување. Пријавените кандидати ќе бидат навремено известени за времето и местото на одржување на интервјуто. Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување од Комисијата.
Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги се состои од две фази и тоа:
Фаза 1 – Административна селекција која опфаќа проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во јавниот оглас и проверка на приложените докази во пријавата
Фаза 2 – интервју
Изборот на кандидатите ќе се изврши во ро код 45/90/120 дена по истекот на рокот за пријавување во согласност со член 23 став 2 од Законот за работни односи.
НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно Годишниот план на институцијата за 2026 год.
Контакт лице: Али Муслија, тел. 070-637-220